**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**
**Адреса: Маршал Тито- бб, Македонска Каменица**
**ЕДБ: 4009997100273 ЕМБС: 5150558**
**Е-маил: zdruzeniepenzionerimk@yahoo.com**

**ИЗВЕШТАЈ**
**За работа на органите и телата на здружението на пензионерите на Македонска Каменица за период од 01.01-31.12/2024 година**

Здружението на пензионери на Општина Македонска Каменица е Здружение на сите категории на пензионери и тоа: старосни; семејни; инвалидски и други како и осигурани брачни другарки на солидарна основа. Здружението е организирано на делегатски принцип од причина што селските населби се од маалски тип, па секое населено место-месна заедница во Собранието на Здружението на пензионерите е застапено со делегат. Саса-1 и Саса-2 имаат најмногу пензионери па таму имаме и Огранок. Здружението брои вкупно 1 625 пензионери и 52 солидарно осигурани брачни другарки.

Здружението на пензионери на Општина Македонска Каменица 2024 година работеше според Статутот на Здружението и Програмата за работа на Здружението за 2024 година. И оваа година програмските активности успешно беа реализирани .

Собранието на Здружението на пензионери на Македонска Каменица е највисок орган на здружението и го сочинуваат 21 делегат и тоа од месните заедници и тоа: с.Саса-1; с.Саса-2; с.Моштица-1; с.Моштица-2; с.Косевица; с.Луковица; с.Тодоровци; с.Цера; с.Костин Дол и с. Дулица, по еден делегат ( 10 делегати) и од Македонска Каменица 11 делегати.

**Собранието** во Извештајната година одржа две Седници и тоа една во месец Март на ден 16.03-2024 година и една во месец Декември на ден 26.12-2024 година. На седницата (одржана на 16.03-2024 година ) делегатите на Собранието го разгледаа работењето на органите и телата на здружението општ и финансов дел, редовна и солидарна сметка за Извештајниот период 01.01-31.12/2023 година. На Седницата Надзорниот одбор даде детален извештај за работењето на Здружението по што на Седницата едногласно од сите делегати беше усвоен Извештајот за работа на Здружението за 2023 година, Годишната сметка за финансово работење на Здружението за 2023 година.

На Седницата едногласно од сите делегати беше усвоен Предлог-План за работа за 2024 година општ и финансов.

На втората седница одржана на 26.12-2024 година се направи анализа на реализираните активности во 2024 година при што секој од присутните даде свое излагање за работењето на здружението.

**Извршен Одбор** во извештајната година одржа пет седници а на истите се работеше според Статутот на здружението и Програмата за работа. Ги спроведуваше донесените Одлуки , ги анализираше одредени заклучоци на Комисиите и Барања на наши пензионери-членови на здружението од кои и Барања за еднократна неповратна помош која се одобрува во текот на целата година. Извршниот Одбор во извештајната година беше носител на сите активности и ги реализираше истите. Исто така ги анализираше завршените активности.

**Комисија за Контрола и Надзор** во извештајната 2024 година одржа една седница на која го разгледа детално работењето на здружението и не беа константирани никакви неправилности за на крај да биде за пофалба работењето на здружението.

**Комисијата за културен забавен** живот одржа една седница и неколку средби со фолклорната група. Посебно признание заслужува припремата за учество на 22-та Регионална музичка ревија на песни, музика и игри на која бевме и домаќини и се претставивме како добри домаќини и секако секоја пофалба за Фолклорната група која успешно се претстави со својата програма со што се пласира и за учество на Републичката ревија. На Републичката ревија одлично се претставија и честа да ја претставуваме Македонија, СЗПМ, нашата Општина како и здружението припадна на Нашето здружение, ЗП-Македонска Каменица. Нашата фолклорна група имаше успешен настап и достоинствено претставување на Нашата убава Македонија.
Исто така Фолклорната група при ЗП-Македонска Каменица учествуваше и на Меѓународен фестивал во Куманово и на Ракијада во Валандово. Фолклорната група имаше успешна и активна година ија заслужува секоја пофалба.

**Комисија за спорт** одржа две седници. Првата седница се одржа за одржување на Општински спортски натпревари, и втората за одржување на Регионални спортски натпревари на кои домаќин беше Здружение на пензионери Пехчево.

На Регионалните спортски натпревари спортистите на ЗП-М.Каменица освоија пласман за учество на Републичките спортски натпревари со освоени први места по четири дисциплини и тоа: шутирање на мали голчиња-жени; фрлање ѓуле-жени, пикадо-жени и домино-мажи.

**Комисија за работа со правни субјекти** во Извештајната година одржа една седница.

На седницата се разгледаа Понуди за набавка на огревно дрво за грејна сезона 2024/2025.

**Комисија за здравство** одржа една седница во Извештајната година. За Меѓународниот ден на лицата со попреченост ги посетивме децата во Дневниот центар во Нашиот град.

Од причини што солидарната акција - солидарни пакети за Нашите пензионери ,членови на здружението извештајната година не беше подржана од Општина Македонска Каменица па од тие причини се одлучи оваа акција да биде спроведена во иднина.

**Активности**

Во извештајната година беа реализирани многу активности како што се салонски дружења, дружења на отворено по покана на други здруженија, се реализираа екскурзии и други активности во кои зедоа учество нашите пензионери. Исто така учествуваше и на повеќе Манифестации организирани од Здруженија на Пензионери, членки на СЗПМ. ЗП-Македонска Каменица учествуваше на повеќе Манифестации организирани од други здруженија, членки на СЗПМ како што се: Манифестацијата Блакцето на Баба организирана од ЗП-Велес; Зелникот на Баба организирана од Општина Македонска Каменица; Томина недела организирана од ЗП-Виница; Мултиетничка средба организирана од ЗП-Тетово; Ракијада во Валандово и слично.
Исто така нашето здружение беше организатор на другарска вечер по повод верскиот празник Василица – Стара Нова Година и денот на пензионерите и иститe се одржаа во ресторан Иднина.

Се организираше повеќе екскурзии во земјата и странство. Исто така се организираше и летување во Албанија.

За 7-ми Април, Меѓународниот ден на здравјето е организира хуманитарна акција за пензионерите - проверка на крвна слика. Акцијата беше спроведена од ПЗУ Акус Медика.

Една од најзначајните реализирани програмски активности е Манифестацијата Бабина Баница-2024 , која ова извештајна година беше 11 години по ред .Успешно се организираше и реализираше на која имавме гости од скоро сите здруженија на пензионери од Македонија, по податоците од МВР околу 7000 гости.
Програмата на Манифестацијата Бабина Баница-2024 се состои во три дела и тоа:

1. Културно-уметничка програма;
2. Кулинарски дел, каде што оваа извештајна година направивме измена при што од натпреварувачки карактер каде што се пријавуваа екипи од други здруженија за правење баница оваа година да биде презентација на правење баница под вршник на стар традиционален (автентичен ) начин.
3. Забавен дел.

Во сите спроведувањето на сите активности секогаш земаат учество и Активот на жени-пензионерки за што заслужуваат пофалба.

Ако ги погледнеме активностите кои се реализирани во текот на годината доаѓаме до заклучок дека преку целата година имало активности, а одредени настани бараат ангажирање на подолг припремен период. Сите овие активности се остварени благодарение на синхронизирано делување на органите и телата на здружението, комисиите и поединци вклучени по одредени активности .

Овој Извештај не ги содржи сите делови по одредени активности па преку Вашите дискусии Почитувани колеги ќе го надополниме а истите ќе бидат составен дел од Записникот на Седницата.

**Здружение на Пензионери Мак. Каменица**
**Претседател,**
**Јаворка Соколовска**